## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - САКСОФОН НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402-52/3 од 8.3.2017 година донесена на седница на Наставно- научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 8.3.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во сите звања за наставно-научната област *видови на инструменти - саксофон* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

- проф. д-р Илчо Јованов, редовен професор од наставно-научните области солфеж и етнохармоника, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
- проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, редовен професор од наставно-научната област музикологија, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.
- проф. д-р Милица Шкариќ, редовен професор од наставно-научната област пијано и методика на настава по пијано, вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 15.2.2017 година и во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот м-р Георги Мицанов, вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**М-р Георги Мицанов** е роден во Штип. Мицанов е основоположник и главен иницијатор за поставување на предметот Саксофон во средните и основните музички училишта. Предлогот и поддршката во тоа време ги добива од директорот г. Симеон Савев, кој во Мицанов препозна голем артист и педагог, омилен помеѓу учениците и колегите, мирен по својата надворешност, работлив, доследен на принципите за континуирано учење, со еден збор комплетно формирана личност.

Од најрано детство, на свои десет години зема часови по саксофон во КУД „Македонка“ кај проф. Киро Стоев. Во средно музичко училиште го изучува инструментот обоа, но паралелно го изучува и инструментот саксофон кој во континуитет е негова најголема љубов. Во тоа време има соработки со многу познати и еминентни композитори и изведувачи од Македонија и снима како соработник голем број на композиции на саксофон.

Своето образование го продолжува на Џез академијата во Грац – Австрија, каде што по завршена една година од финансиски причини ја напушта Академијата во Грац и се враќа во Скопје и работи во РТВ – чиј е стипендист, и свири во истоимениот Биг бенд.

На Музичката академија во Скопје не постоела насока Саксофон и бил принуден своето формално високо образование да го заврши во 1984 г. на Одделот за теоретска настава.

Со Гарабет Тавитјан во 1993 г. ја формира групата „Парамециум“ и го издава албумот „Исус“, потоа во 1999 г. го издава својот албум „Аполонија“. Со Бодан Арсовски во 2002 г. соработува во неговиот оркестар „Езгија“ и го снимаат албумот „Недоглед“ со низа на концерти: Белград, Нови Сад, Пула, Загреб, Крагујевац и други концерти во поранешна Јуославија. Во соработка со Бодан Арсовски и Кокан Димушевски во 2005 г. настапува на Филмскиот фестивал во Пула.

Паралелно соработува и со својата сопруга поп-џез пејачката Катерина Мицанова на албумот „Дождот“ од 2002 г. и британскиот пејач Питер кој живее во Малта, преку компонирање и аранжирање на авторска музика и настапи во еминентни џез клубови во Малта, Швајцарија, Крит и, секако, соработки со популарни пејачи како Оливер Мандич и Владо Јаневски.

Гоце Мицанов е првиот професор по саксофон во средните училишта во Р Македонија, како ментор работи во Штип и во Битола, и е заслужен за проширување на овој предмет во сите средни музички училишта.

Своето формално музичко образование го надополнува преку дипломирање класичен саксофон во 2001 г. Во Скопје и специјализација во Софија.

Од 2007 год. работи како професор на Одделот за џез – УГД Штип, на предметите: Џез саксофон, Џез ансамбл и Џез импровизација. Аранжира и распишува повеќе џез стандарди и современи композиции, сопствени композиции и структурално ги приспособува за потребите на ансамблите во Одделот.

Со студентите и колегите секоја година настапува во програмата организирана од Музичката академија, новогодишни и завршни концерти, презентации, како и саеми организирани од Министерството за образование. За презентирање на сопствената работа, работата на Џез одделот, како и Вокално-инструменталниот оддел при УГД, во колаборација со проф. Кирил Рибарски, во летото 2008 г. организираат концерти и работилници во Штип, Куманово и во Велес во склоп на културните лета. Како џез композитор и аранжер има своја композиција под наслов „Џез“ изведена на фестивалот „Макфест“ во 2007 г. – „Катерина бенд“. Проект Чарли Паркер со Аљоша Симјановски, концерти во клубовите низ Р Македонија.

За потребите на својата работа на факултетот, како прирачник за своите студенти има издадено скрипта „Џез саксофон практика и вежби“. Од 2011 год. предава на втор циклус, постдипломски студии по предметот Напредни техники на импровизација и ансамбл.

***Критериумите за избор во сите звања наведени во Конкурсот беа следниве:***

Кандидатот треба да има завршено високо образование од втор степен за наставно-уметничките области, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, беа доставени во целост и беа следниве:

пријава;
диплома за завршено соодветно образование – за одбрана на магистерски труд;
уверение за положени испити на прв и втор циклус студии;
кратка биографија;
список на објавени научни и стручни трудови;
по еден примерок од трудовите;
потврда дека се служи со еден од светските јазици;
еден примерок од магистерскиот труд;
уверение за државјанство.

**Табела со опис за изведба на осум целовечерни концерти**

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Георги Мицанов** | Целовечерен концерт | Џез концерт Гоце Мицанов, џез квартет https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=12152 | 26.11.2014 |
| 2. | **Георги Мицанов** | Целовечерен концерт | Интернационален ден на џезот, Скопје 2014 https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=12145 | 30.4.2014 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **Георги Мицанов** | Целовечерен концерт | Интерфест Битола 2012 https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=5328 | 2.10.2012 |
| 4. | **Георги Мицанов** | Целовечерен концерт | Концерт Штип 2016 https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=17543 | 20.4.2016 |
| 5. | **Георги Мицанов** | Целовечерен концерт | Меморијален концерт за “СандаБикова“ https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=12151 | 22.5.2014 |
| 6. | **Георги Мицанов** | Целовечерен концерт | Џез концерт Гоце Мицанов и Џезобел квартет https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=12153 | 14.8.2014 |
| 7. | **Георги Мицанов** | Целовечерен концерт | ИЦТ Конференција на иновации 2013 https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=9637 | 13.9.2013 |
| 8. | **Георги Мицанов** | Целовечерен концерт | Концерт Виница 2016 https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?screen=EPrint%3A%3AView&eprintid=17542 | 27.12.2016 |

**Музичка активност (концертна, творечка, педагошка)**

Од доставената документација на проф. Георги Мицанов во изминатите пет години, тој има реализирано повеќе целовечерни концерти и настапи на групни концерти во признати домашни сали и тоа:

- Бит фест 2012, Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Josifovski, Oliver and Salas, Oscar;
- Џез концерт Гоце Мицанов Квартет Micanov, Georgi and Filipovski, Viktor and Tufekcievski, Kiril and Micanova, Katerina (2014);
- Интернационален ден на џезот Скопје 2014 Micanov, Georgi and Micanova, Andreana and Tufekcievski, Kiril and Sekulovski, Aleksandar (2014);
- Топол културен бран Виница 2015, Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Bejkov, Ivan and Stefkovski, Goce;
- Струмица опен фестивал 2015, Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Stefkovski, Goce and Josifovski, Oliver;
- Велес град на културата 2015, Popovski, Saso and Micanov, Georgi and Josifovski, Oliver and Stefkovski, Goce;
- Џез концерт Гоце Мицанов, џез квартет 2014;
- Интернационален ден на џезот, Битола, 2015;
- Писмо за Кристи, Бит фест 2015;
- Џез концерт, Мултимедијален центар „Менада“ - Скопје, 2013;
- Концерт на современ џез, Дом на култура „Тошо Арсов“ – Виница, 2013;
- Интерфест Битола, 2012;
- Концерт Штип, 2016,
- Меморијален концерт за Санда Бикова, 2014;
- Џез концерт Гоце Мицанов и Џезобел квартет, 2014;
- ИЦТ Конференција на иновации, 2013;
- Концерт Виница, 2016.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од целокупната наведена документација и активностите на кандидатот, Рецензентската комисија донесе заклучок дека кандидатот проф. м-р Георги Мицанов во потполност ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање редовен професор за наставно-научната уметничка област видови на инструменти – саксофон на Музичката академија, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Исто така, кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање, како и голем успех во педагошката дејност.

Поради предходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип **за кандидатот проф. м-р Георги Мицанов да го избере во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научната област видови на инструменти – саксофон на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев".**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Илчо Јованов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Милица Шкариќ, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ЗА КАНДИДАТОТ М-Р ГЕОРГИ МИЦАНОВ**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени |
|---|---|---|
| 5 | Избор во звање вонреден професор | 40 |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 15x3=45 | / |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 2x2=4 | / |
| | ВКУПНО = 49 бода | | |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Книга (издавање на компакт диск) | 1x10=10 | / |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 4x2=8 | |
| | ВКУПНО 18 бода | | |
| | ВКУПНО ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО+НИ+САОР) = 107 бода | | |